Правилник за количествата на семенски и саден материјал од видови на земјоделски растенија во оригинално пакување кои можат да се увезуваат за лична употреба

Службен В. на Р.М. бр: 33/2012 од 08.03.2012

Влегува во сила на: 16.03.2012

Извор: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 29 став (2) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/06, 89/08, 171/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе.

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА КОЛИЧЕСТВАТА НА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД ВИДОВИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА ВО ОРИГИНАЛНО ПАКУВАЊЕ КОИ МОЖАТ ДА СЕ УВЕЗУВААТ ЗА ЛИЧНА УПОТРЕБА

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат количествата на семенски и саден материјал од видови на земјоделски растенија во оригинално пакување кои можат да се увезуваат за лична употреба.

## Член 2

Семенски материјал и саден материјал наменет за лична употреба може да увезуваат лица кои не се регистрирани како снабдувачи на семенски и саден материјал во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управа за семе и саден материјал, ако количеството на семенскиот и садниот материјал не надминува:

А) Житни растенија
- пченка до 1 кг.
- сирак до 1 кг.
- останати видови до 1 кг.

Б) Маслодајни и влакнодајни растенија
- за сите видови до 2 кг.

В) Фуражни растенија и репа
- семенска мешавина до 2 кг.
- моногерно семе од репа до 2 кг.
- полигермно семе од репа до 5 кг.
- останати видови до 5 кг.

Г) Градинарски растенија
- мешункасти видови до 2 кг.
- кромид, шпаргла, блитва до 100 гр.
- цвекло, репка, бостан, тиква до 100 гр.
- шеќерна пченка и пуканки до 100 гр.
- морков, ротквица и спанаќ до 5 гр.
-домати и пиперки до 5 гр.
- останати видови до 50 гр.

Д) Саден материјал од овошни растенија
- дрвенасти овошни растенија
од сите видови до 30 броја

- јагодести растенија до 50 броја
Ѓ) Саден материјал од винова лоза до 30 броја

## Член 3

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за количествата на семенски и саден материјал од видови на земјоделски растенија во оригинално пакување кои можат да се увезуваат за лична употреба("Службен весник на Република Македонија" бр.107/11).

## Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".
Бр. 18-2/2 Министер, март 2012 година Љупчо Димовски, с.р.